РепубликаСеверна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria ambientit jetësor
dhe planifikimit hapësinor
Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor

Архивски бр:ИП1 30-500
Дата: 08.07.2025 година

[redacted]

Државен инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei..gov.mk
www.sei.gov.mk

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail:info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk

Државниот инспекторат за животна средина преку Драгана Јовановиќ, со службена легитимација број 06-0025 изврши вонреден инспекциски надзор кај правен субјект ДПТУ Еко Вики 69 ДООЕЛ увоз- извоз Крива Паланка со седиште на ул.Св.Јоаким Осоговски бр.223 Крива Паланка и со Записник бр. ИП1 30-500 од 02.07.2025 година, ја утврди фактичка состојба и врз основа на член 200 од Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05..................99/18) и „Сл.Весник на РСМ" бр. 89/2022, 171/2022 и 03/2025) а во врска со Член 23 и 23а од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 3/25) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**1.МУ СЕ ЗАБРАНУВА** на правниот субјект ДПТУ Еко Вики 69 ДООЕЛ увоз- извоз Крива Паланка со адреса ул.Св.Јоаким Осоговски бр.223 Крива Паланка и тоа:

1.1.Вршење дејности или активности без Дозвола за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата при МЖСПП

Рок: 30(триесет) дена веднаш од денот на приемот на решението

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од Точката 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциски мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши вонреден инспекциски надзор кај правниот субјект ДПТУ Еко Вики 69 ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка со седиште на ул.Св.Јоаким Осоговски

бр.223 Крива Паланка. За утврдената состојба изготви записник бр. ИП1 30-500 од 02.07.2025 и тоа со наод за утврдената фактичка состојба. При надзорот беше присутен претставник од правен субјект како одговорно лице. При увидот на лице место се констатира следно:правниот субјект ја врши дејноста собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови без соодветна Дозвола од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата. При надзорот не ни приложија Дозвола за собирање на засеганти и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови.
Од погоре наведеното сторена е повреда согласно член 23 и 23-а од Законот за заштита на природата.
Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение, Државниот инспекторат за животна средина ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежниот орган, согласно член 200 став 6 согласно Законот за животна средина.

Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување согласно член 174а став 2 од Законот за заштита на природата.

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Државен инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei..gov.mk
www.sei.gov.mk

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail:info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение, согласно член 106 став 1 од ЗОУП (Сл. Весник на Р. М. со бр. 124/15), може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот инспекторат за животна средина под бр. ИП1 30-500 на ден 08.07.2025 година.

Помлад инспектор за
заштита на природата
Драгана Јовановиќ

Доставено до:
-Архива,
- ДПТУ Еко Вики 69 ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка